РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4026/4

20-01-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 59 -та седница одржана на ден 14.01.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-4026/1 од 28.10.2021 година, оформен по сопствена иницијатива на ДКСК по однос на сомневања за активности за време на изборниот процес кои претставуваат прекршувања на Изборниот законик, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување поради тоа што во предметниот случај е констатирано дека наводите не се потврдени.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страната на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-4026/1 од 28.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива на ДКСК по однос на сомневања за активности за време на изборниот процес кои претставуваат прекршувања на Изборниот законик од страна на --------- -------------, независен кандидат за градоначалник на град Скопје за Локалните избори за 2021 година и користење на простор за рекламирање на објект - автобуска постојка во сопственост на Јавното Сообраќајно Претпријатие - Скопје, како површина за објава на нејзината реклама.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, ДКСК достави барање до Јавното Сообраќајно Претријатие Скопје (ЈСП Скопје) за информации и податоци по однос на предметното рекламирање. По барањето на ДКСК е постапено и добиени се информации со прилог документација а од увидот во прибавената документација констатирано е следново:

- Од страна на Управниот одбор на ЈСП Скопје, на 27.04.2016 година била донесена одлука согласно која рекламните паноа на автобуските постојки биле дадени под закуп на Друштвото за маркетинг и интелектуална сопственост ---------- -------- ------------ ---------- како најповолен понудувач, а во која се наведени условите за издавањето и користењето на рекламните паноа на автобуските постојки

- Автобуските постојки се во сопственост на Јавното Сообраќајно Претријатие но, со рекламните паноа на автобуските постојки не стопанисувало јавното претријатие туку истите се давале под закуп на правно лице кое ќе располага со истите. Давањето под закуп на рекламните паноа на автобуските постојки од страна на ЈСП Скопје било спроведено со постапка за закуп за која претходно бил распишан јавен оглас, а во која, согласно утврдените критериуми за избор, како најповолен понудувач било избрано горе наведеното приватно правно лице/друштво.

- На ден 20.06.2016 година бил потпишан договор за закуп на рекламни паноа на автобуски постојки помеѓу ЈСП Скопје и Друштвото за маркетинг и интелектуална сопственост ---------- -------- ------------ ----------, изменет со неколку Анекси кон истиот и тоа: Анекс од од 01.02.2017 година, Анекс од 25.08.2017 година и Анекс од 22.05.2020 година, кои се доставени во прилог на одговорот. Склучениот договор за закуп и анексите кон истиот се уште се во важност.

- Согласно членот 10 од предметниот договор за закуп на рекламни паноа на автобуски постојки, Друштвото за маркетинг и интелектуална сопственост ---------- -------- ------------ ----------, како закупец се обврзува рекламните паноа на автобуските постојки да ги користи и употребува како добар стопанственик и домаќин.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека, предметните наводи не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување по што ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: м-р Ш.С., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Горан Трпеноски**